# КРИТИКИ И ПРИКАЗИ

Стјепан Антолјак, Бранко Панов, СРЕДНОВЕКОВНА МАКЕДОНИЈА, 1—3, Скопје 1985, 982, 446, 849 стр.

Во издание на реномираната издавачка куќа „Мисла“ од Скопје во 1985 година излезе од печат тротомната публикација „Средновековна Македонија“ од Стјепан Антолјак и Бранко Панов. Оваа обемна научна публикација, која се состои од 2277 страници, како што истакнуваат во предговорот и самите автори, ги опфаќа монографиите, студиите, статиите, прилозите и критиките, напишани во периодот 1958-1983 година. Од нив голем дел се дополнети, т.е. извршени се критички забелешки на поранешните изданија на македонски јазик, дел се преведени од српскохрватски и странски јазици, а дел за прв пат се објавуваат во оваа публикација. Исто така текстовите се придружени со илустративен материјал (минијатури, фрески, фото снимки од градови, цркви, манастири, ликови од икони и фрески и др.). За полесно следење изложената материја е тематски подредена, што на читателите им овозможува да добијат целосна слика за историското минато на македонскиот народ, почнувајќи од населувањето на Словените во Македонија кон крајот на VI и почетокот на VII век, до првите векови од владеењето на Турците — Османлии, т.е. до XVI век.

Првиот том од „Средновековна Македонија“ ги содржи трудовите на Стјепан Антолјак. Тие се опфатени во 6 делови (целини). Првиот е посветен на изворите за историјата на македонскиот народ во средниот век. Од нив авторот посебно го издвоил Константин Порфирогенит и критички ги проучил изворните податоци од неговите дела кои се однесуваат на поранaта историја на македонскиот народ. Исто така, авторот обрнал посебно внимание и на Јован Скилица, главниот извор за создавање и егзистенцијата на македонската држава (969—1018). Притоа се зафатил да одговори и на спорното прашање во науката: Кој е всушност Ј. Скилица? Според авторот, тој живеел до крајот на XI век, кога и ја напишал својата позната хроника.

Вториот дел авторот го посветил исклучиво на најраниот период од историјата на македонскиот народ, т.е. на периодот на создавањето и егзистенцијата на Македонските Склавинии. Притоа го проследил процесот на словенскат колонизација на Македонија и промените кои настанале по неа. Потоа посебно се осврнал на проблематиката околу создавањето и егзистенцијата на Македонските Склавинии, проширувајќи го видокругот на своите истражувања на целиот Балкански Полуостров, при што со доста аргументи успеал да даде поцелосна слика за Склавиниите, кои како словенски кнежевства (независни или полунезависни) овозможиле да се постават цврсти темели на создавањето на одделни јужнословенски држави и народи. Во таа смисла авторот посебно критички ги проследил изворите (грчки, латински, арапски, словенски и др.) кои се однесуваат на Македонските Склавинии, докажувај-

ќи притоа дека тие се развивале главно како независни словенски кнежевства, управувани од своите племенски водачи (архонти, ригеси). Авторот посебно се задржал и на проблематиката околу воено-административната организација на Македонските Склавинии, потоа на имињата „Македонија“ и „Македонците“, со што дал забележителен прилог кон расветлувањето на проблематиката околу етногенезата на македонскиот народ.

Третиот дел го посветил на изворите за Самуиловата македонска држава, расветлувајќи ја опстојно проблематиката околу создавањето и егзистенцијата на оваа посебна словенска држава на Балканот. Најпрвин авторот критички ги проследил изворите, а потоа ги изложил приликите на Балканот кои овозможиле да се создадат поволни услови за кревање ослободително востание во Македонија (напрвин во делот што го владееле Бугарите) на чело со синовите на кнезот Никола, комитопулите Давид, Мојсеј, Арон и Самуил. Востанието кренато против бугарската власт веднаш по смртта на царот Петар кон крајот на јануари 969 година било успешно изведено и како резултат на тоа, како што истакнува авторот, биле поставени темелите на македонската држава, со средиште во градот Преспа. Со тоа, држејќи се до изворите, авторот аргументирано ја отфрлил тезата дека комитопулите во Македонија кренале ослободително востание во 976 година и дека дури тогаш биле поставени темелите на Самуиловата држава. Со повеќе аргументи авторот се изјаснил дека во 976 г. било кренато второ востание на комитопулите, и тоа веднаш по смртта на императорот Јован Цимискиј, со кое била отстранета зависноста на македонската држа ва од Византија, воспоставена по ликвидирањето на Првото бугарско царство во 971 г. и претворувањето на Бугарија во обична византиска провинција. Авторот опстојно ја проследил и проблематика за претворувањето на македонската држава во монархија, на чело со Самуил, а кон крајот на X век и во царство. Притоа аргументирано истанакл дека Самуил примил царска круна од Рим и дека крунисувањето било извршено во присуство на римски легати во Преспа, кој град станал и прво црковно седиште на македонските црковни поглавари-архиепископите. Опстојно ја проследил и продолжителната војна меѓу Византија и македонската држава, која на крајот се завршила со ликвидирање на Самуиловото царство во 1018 г. Со посебно внимание авторот ги проследил и внатрешните прилики во македонската држава, фрлајќи акцент на државното уредување, војската, црквата итн.

Четвртиот дел авторот го посветил на одделни проблеми од востанијата на македонскиот народ во XI век и богомилското движење. Критички разгледувајќи ги изворите за востанието на Петар Делјан 1040—1041 г., авторот со доста аргументи ја отфрлил во последно време наложената теза: дека презимето на водачот на востанието не би требало да гласи Делјан туку Оделјан. Таквото гледиште тој го смета за неаргументирано и неприфатливо, па затоа треба да остане Делјан. Што се однесува, пак, до востанието на Ѓорѓи Војтех 1072—1073 ., авторот врз база на богат изворен материјал утврдил дека во него зеле учество покрај Македонците и Србите, Унгарците и Хрватите. Авторот опстојно се осврнал и на проблематиката околу богомилското движење во Македонија за време на византиското владеење (XI—XII век). Притоа за прв пат во науката ја поставил тезата дека името на с. Асамати на брегот на Преспанското Езеро е во врска со богомилското учење и дека во 1096 г., кога низ Македонија се движеле крстоносците, учесници во I крстоносна војна, на овој простој постоел утврден град на еретици (богомили). Авторот со посебно внимание ги проследил и

западните извори од XI и XII век за да расветли повеќе прашања кои се однесуваат на богомилството во Македонија и Византија во овој временски период.

Петтиот дел е посветен на расветлувањето на стопанската историја на Македонија во средниот век, како и на македонските средновековни градови. Притоа предмет на расветлување станале трговските врски меѓу Дубровник и Скопје во XV и XVI век, потоа прашањето околу одгледувањето на пченката на Балканот и во Македонија уште пред откривањето на Америка, како дошло до името „Скопје", местоположбата на Светиград и др.

Шестиот дел е посветен на топономастички проблеми. Авторот опстојно се зафатил околу разјаснувањето на името на с. Асамати, полемизирајќи притоа со повеќе учени кои не се сложиле дека овој назив има богомилско потекло. Своите ставови тој ги темели врз бројни новособрани аргументи, кои, навистина, доста ја оснажуваат неговата теза.

На крајот, томот е пропратен со опстоен индекс, кој заедно со богатиот илустративен материјал овозможува полесно и попрегледно да се следи содржината на изложената материја.

Вториот том од „Средновековна Македонија", кој носи наслов: „Теофилакт Охридски како извор за средновековната историја на македонскиот народ", чијшто автор е Бранко Панов, всушност претставува монографски труд во кој врз база на податоците од писмата на охридскиот архиепископ Теофилакт (1081/82 — околу 1126) го расветлил периодот на византиското владеење во Македонија, поконкретно во крајот на XI и почетокот на XII век. Томот е поделен на 3 глави. Во првата глава, која носи наслов: „Теофилакт Охридски како историски извор", авторот се осврнал на биографските белешки за Теофилакт Охридски, полемизирајќи притоа со повеќе учени — познавачи на Теофилакт Охридски по отворените прашања околу предархиепископската и архиепископската дејност на Теофилакт Охридски, задржувајќи се притоа посебно на неговата дејност во Охрид. Според авторот тој бил испратен во Охрид преку Охридската архиепископија да дејствува во зацврстнувањето на византиската власт во Македонија и другите соседни земји.

Втората глава авторот ја посветил на аграрните односи во Македонија кон крајот на XI и почетокот на XII век. Врз база на богатиот изворен материјал од писмата на Теофилакт Охридски, како и други современи извори, авторот расветлил повеќе проблеми кои се однесуваат на општинскиот земјопосед и слободното селско население, феудалниот посед и зависното население, задржувајќи се притоа опстојно на црковно-манастирскиот земјопосед, крупниот световен феудален земјопосед, структурата на феудалниот земјопосед, категориите феудално зависно население, развојот на институцијата екскусија (имунитет), одделните видови феудална рента, развојот на македонското стопанство итн.

Третата глава авторот ја посветил на политичките прилики во Македонија кон крајот на XI и почетокот на XII век, осврнувајќи се врз повеќе прашања кои се однесуваат на воено-административната и црковната управа во Македонија за време на византиското владеење, улогата на Охридската црква и лично архиепископот Теофилакт во грцизирањето на црквата, потоа на колонизаторската политика на Византија во Македонија, како и на норманските, српските и крстоносните навлегувања и завладувања во Македонија во разгледуваниот период. Со посебно внимание авторот се зафатил да расветли и повеќе прашања кои се однесуваат на засилувањето на ослободителната борба на ма-

кедонскиот народ во овој период против византиската власт, како и на широките размери на богомилското движење на чиешто чело тогаш се наоѓал попот Василиј.

На крајот, томот е пропратен со индекс кој им овозможува на читателите попрегледно да ја следат изложената материја.

Третиот том од публикацијата „Средновековна Македонија", под наслов: „Од македонската средновековна историја" чиј автор е Бранко Панов, се состои од 5 одделни тематски целини, кои во целина земено овозможуваат да се проследи историјата на македонскиот народ од крајот на VI до XVI век.

Првата целина овозможува континуирано да се проследи историјата на македонскиот народ од населувањето на Словените во Македонија до првите векови на османлиското владеење. Авторот со посебно внимание се осврнал на проблематиката околу етногенезата на македонскиот народ, следејќи го етногеничниот процес на создавање на македонскиот народ од далечната антика до создавањето и егзистенцијата на македонската средновековна држава (969—1018), кога се завршил овој процес и по претопувањето на македонските словенски племиња се формирал денешниот македонски народ. Авторот посебно се задржал и на проблематиката на Македонските Склавинии, кои, како што истакнува, сѐ до средината на IX век главно егзистирале како независни словенски кнежевства. Исто така посебно се осврнал и на создавањето и претворувањето на македонската држава во царство потоа, на востанијата на македонскиот народ во XI век, ослободителното движење во Западна Македонија кој крајот на XI век, развојот на музичката култура во Македонија во време на византиското владеење, како и на историјата на македонскиот народ во XIII и XIV век. На крајот од оваа целина авторот се осврнал и врз некои прашања од класната и ослободителната борба во Македонија во првите векови на османлиското владеење.

Втората целина авторот ја посветил на дејноста на браќата Кирил и Методиј и нивните ученици Климент и Наум Охридски во Македонија и пошироко. Полемизирајќи со повеќе учени, авторот мошне аргументирано утврдил дека првата словенска мисија на браќата Кирил и Методиј била меѓу Словените кои живееле во рамките на Стримонската склавинија, т.е. меѓу Струмјаните, како византиски управител Методиј ги управувал Струмјаните цели 10 години (845—855). Како словенски кнез Методиј требало да ги придобие Словените на византиска страна во борбата против Бугарите, кои од крајот на 30-те години на IX век почнале да ја освојуваат Североисточна Македонија. За да му помогне на својот брат, истакнува авторот, во првата половина на 50-те години на IX век на мисионерска работа меѓу Словените бил испратен и неговиот помал брат Константин Филозоф. Според зачуваните извори, нагласува авторот, тој главно дејствувал по реката Брегалница, по која неговата прва словенска мисија е наречена Брегалничка. За време на извршувањето на мисијата Константин со помошта на Методиј во 855 г., ја создал словенската азбука-глаголицата која пред Моравската мисија била дополнета и прилагодена и за потребите на Моравските Словени. Опстојно и доста аргументирано авторот ја проследил и дејноста на Климент и Наум во Македонија, задржувајќи се притоа на создавањето и значењето на Охридската книжевна школа, како и на дејноста на Климент како прв словенски епископ во рамките на Струмичката епархија.

Третата целина ги содржи трудовите кои се однесуваат на богомилското учење и движење во Македонија. Притоа авторот се обидел да расветли повеќе проблеми сврзани со појавата и цен-

триите на богомилството во Македонија, суштината на богомилското учење, проширувањето на богомилството во соседните балкански земји, потоа во азиските и европски земји, одразот на богомилството во литературата, народното творештво и уметноста, како и на повеќе проблеми кои се однесуваат на одразот на богомилството во писмата на Теофилакт Охридски, посебно на попот Василиј. богомилски водач од крајот на XI век.

Четвртата целина е посветена на историјата на македонските средновековни градови. Притоа, опстојно е проследена историјата на Струмица и нејзината област во средниот век, потоа на Дебар, Штип и Брегалничката област итн. Карактеристично е што авторот секогаш настојувал да ја расветлува историјата на македонските градови во пошироки димензии, во рамките на балканската и општоевропската историја.

Петтата целина целосно е посветена на историјата на градот Охрид и неговата пошироката област во средниот век (VI—XIV век). Притоа, се расветлени повеќе проблеми од најраната историја на средновековен Охрид, кога тој слободно се развивал во рамките на склавинијата „Берзитија“. Посебно внимание е обрнато и на периодот на Климент и Наум Охридски, кога Охрид израснал во најразвиено словенско културно средиште на Балканот и станал седиште на првиот словенски универзитет, кој го формирал Климент Охридски. Исто така авторот опстојно ја проследил историјата на Охрид во времето на егзистенцијата на македонската држава, кога од почетокот на XI век станал ново државно и црковно седиште на Самуиловото царство и израснал во вистинска метропола. Проследена е исто така и историјата на градот и неговата област во времето на византиското владеење, кога тој продолжил да се развива како црковно седиште на Охридската архиепископија и во првата половина на XIII век кога бил претворен во црковно седиште на епирската држава. На крајот, авторот мошне опширно се осврнал и на развојот на Охрид и неговата област во XIII и XIV век, фрлајќи посебен акцент на втората половина на XIV век, кога градот станал седиште на посебно независно кнежевство кое егзистирало сè до крајот на овој век, т.е. до освојувањето на Турците — Османлии.

На крајот, томот е снабден со опширен индекс, кој заедно со богатиот илустративен материјал му овозможува на читателот директно и сликовито да ја следи разноврсната материја.

Тротомната публикација „Средновековна Македонија“ од Стјепан Антољак и Бранко Панов по своето излегување од печат несомнено потполни голема празнина во македонската историографија. Гледано во целина оваа обемна научна публикација, независно од тоа што нејзината содржина не е синтетички рамномерно изложена, сепак овозможува, како што истакнуваат во предговорот и самите автори, аргументирано да се проследи историјата на македонскиот народ од населувањето на Словените во Македонија до првите векови од владеењето на Османлиите.

Со презентираниот краток приказ на оваа обемна научна публикација сакаме да ја претставиме пред пошироката научна јавност, која длабоко сме, уверени ќе предизвика огромен интерес меѓу византолозите и славистите.

Методија МАНОЈЛОВСКИ